Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општа седница одржана на ден 27.10.2025 година, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 63 став 1 од Деловникот за работа на Врховен суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за донесување на начелен став и начелно правно мислење, поднесена од адвокат Дарко Карев од Тетово, заведена под СУ-03.бр.605/25 од 14.08.2025 година, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

Иницијативата за донесување на начелен став и начелно правно мислење, поднесена од адвокат Дарко Карев од Тетово, заведена под СУ-03.бр.605/25 од 14.08.2025 година, **НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите,(„Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, на ден 27.10.2025 година расправаше по барањето за донесување на начелен став или начелно правно мислење поднесена од адвокат Дарко Карев од Тетово, заведена под СУ-03.бр.606/25 од 14.08.2025 година.

Во иницијативата се предлага Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе начелен став и начелно правно мислење за следните прашања:

„Дали при одлучувањето во постапката за надомест за експроприрана недвижност, кој судот го определува по пазарна вредност според видот и карактерот на недвижноста во време на експропријацијата, видот на експроприраната недвижност ќе се прифати како градежно земјиште бидејќи како таква е трансформирана пред да се донесе решение за експропријација?“ и

„Дали судот го утврдува видот на недвижноста на денот кога е донесено решението за експропријација или на денот кога решението за експропријација станало правосилно?“

Во иницијативата подносителот наведува дека постои невоедначена судска пракса помеѓу судовите во постапката за определување на надомест за експроприрана недвижност, при оценка на правното прашање за видот на експроприраната недвижност (земјоделско или градежно земјиште) кое влијае на висината на определениот надомест за експропријација. Според подносителот иако по однос на определувањето на надоместокот за експроприрана недвижност во постапката пред суд од страна на Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на РМ донесено е правно мислење на 26.02.2016 година, наведува дека постои

невоедначена судска пракса во однос на правното прашање од кој момент се прифаќа за утврден карактерот на експроприраното земјиште, дали во моментот кога решението за експропријација е донесено или кога истото станало правосилно, притоа ценејќи го фактот дека во временската разлика од донесување на решението за експропријација до правосилност на истото, може да настане и промена на видот на земјиштето.

Во таа насока, подносителот истакнува спорна правна ситуација како судот ќе го определи надоместокот за експроприраната недвижност доколку надлежниот орган донел решение за експропријација на ден 21.03.2013 година, кое станало правосилно на 09.12.2016 година, а претходно во 2009 година било донесено решение со кое е дадена согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште, за одобрување урбанистички проект.

За поднесените правни прашања дали при одлучувањето за надоместокот за експроприраната недвижност која судот ја определува по пазарна вредност според видот и карактерот на недвижноста во време на експропријацијата, недвижноста ќе се цени како градежно земјиште, бидејќи како таква била трансформирана пред да се донесе решението за експропријација и дали судот го утврдува видот на недвижноста на денот кога е донесено решението за експропријација или на денот кога решението за експропријација станало правосилно предлага Врховниот суд на РСМ да донесе начелен правен став или начелно правно мислење заради обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите.

Во прилог кон Иницијативата доставено е Правно мислење од Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Македонија од 26.02.2016 година.

Подносителот на барањето нема доставено судски одлуки од кои може да се утврди дека станува збор за нееднинствена примена на законите и невоедначена пракса во примена на законите од страна на судовите.

Согласно член 37 став 1 од Законот за судовите, Врховниот суд на РСМ, утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството во примената на законите од страна судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на седниците на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Согласно член 63 од Деловникот на Врховниот суд, Општата седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите. Начелен став претставува стојалиште кое го утврдува Врховниот суд на Република Северна Македонија по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите. Начелно правно мислење е стојалиште на Врховниот суд на Република Северна Македонија за одредено прашање, за кое на Општата седница е заземен став поради невоедначена пракса во примената на законите.

Во смисла на горецитираните одредби, Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по наведената иницијатива, оцени дека во конкретниот случај не се исполнети законските услови за да се утврди начелен став и начелно правно мислење бидејќи нема нееднинствена примена на законите ниту невоедначена примена на законите, поради што донесе Заклучок со кој иницијативата не се усвојува.

ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА